Здружение на граѓани „Младински образовен форум”
Ул. Дренак 34-а, 1000 Скопје, Северна Македонија
02 3 139 692, 02 3 114 412
info@mof.org.mk, www.mof.mk

# Иницијатива за младински политики и проекти

**Назив на организација:** Здружение на граѓани „Младински образовен форум“

**Адреса:** ул. Дренак 34а – Кисела вода, 1000 Скопје

**Телефонски број:** 02 3 139 692

**Лице за контакт:** Димитар Низамовски, 078-421-572, dimitar_nizamovski@mof.org.mk

**Веб страна:** www.mof.mk

## Студентско организирање и политики

Во текстот на новиот Закон за високото образование беше предвидено усогласување на интерните акти на универзитетите согласно новиот закон. Донесувањето на статутите на универзитетите е процес во кој тие првенствено се изработуваат на универзитетите, а потоа се доставуваат до Собранието на РСМ, кое како основач на државните универзитети треба да ги изгласа со цел истите да стапат на сила. За жал, до средината на 2019 година статутите на државните универзитети не беа изгласани во Собранието, со што универзитетите продолжија да работат согласно статути неусогласени со новиот ЗВО.

Значајно е тоа што овие (новите) статути треба да го пропишуваат начинот на избор на членовите на студентските собранија, но со оглед на тоа што тие не се изгласаа од Собранието на РСМ како во 2018, така и во првата половина од 2019 година, на факултетите и оваа година не се одржаа избори за студентски претставници – што е основна форма на студентското учество во процеси на донесување на одлуки во рамките на факултетите и универзитетите.

За време на консултативната средба за младински политики во организација на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за млади и спорт, беа претставени проблемите со нефункционалноста на студентското организирање од што произлезе работна група: „Работна група за студентско демократско организирање“. Работната група има двајца претставници на МОФ (Стефани Спировска и Петар Барлаковски), претставници на Министерството за образование и наука и претставници на студентската организација ЕЛСА. Со работа почна при крајот на годината (декември 2018), по што има остварено две средби на кои се разговараше за понатамошниот тек и динамика на работа.

Здружение на граѓани „Младински образовен форум”
Ул. Дренак 34-а, 1000 Скопје, Северна Македонија
02 3 139 692, 02 3 114 412
info@mof.org.mk, www.mof.mk

Работната група за жал нема изработено никаков документ, ниту конкретни препораки по кои понатаму треба да се делува.

**Иницијатива:** Младински образовен форум во текот на 2018 година работеше на платформа за студентски собранија - www.studentskisobranija.mk, која ја дизајнираше да биде платформа што ќе им помогне на студентите да се информираат за студентското организирање на нивниот факултет и активно да учествуваат. Оваа платформа беше креирана да биде од помош на студентите кои ќе се кандидираат за членови во студентските собранија, но и на студентите кои ќе излезат да гласаат на студентските избори. Платформата содржи голем број на информации за студентските права, избори, тела на факултетите и универзитетите, а истовремено може да служи како база на која ќе се додаваат информации за сите студентски избори.

Дополнително, платформата има и можност за креирање на профили на сите кандидати за делегати во факултетските и универзитетските студентски собранија, како и за мониторинг и споделување на информации за изборите во деновите на гласање.

Значајно е што оваа платформа може да служи и како механизам за мониторинг на работата на избраните делегати во студентските и универзитетските собранија.

Платформата во 2018 не беше во можност во целост да профункционира, од причина што на УКИМ не се распишаа избори за студентски собранија во актуелната студиска година, за што како проблем го лоцираме недонесувањето на универзитетските статути.

Здружение на граѓани „Младински образовен форум”
Ул. Дренак 34-а, 1000 Скопје, Северна Македонија
02 3 139 692, 02 3 114 412
info@mof.org.mk, www.mof.mk

## Средношколско организирање и политики

МОФ во текот на 2017година работеше на креирање на предлози за измена на Законот за средно образование во делот на средношколско организирање и учество, во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА и Првата детска амбасада Меѓаши. Предлог измените беа доставени до МОН, а во текот на 2018та година беа остварени средби со министрите Рената Десковска и Арбер Адеми за презентација на предлог-измените и актуелизација на средношколското организирање.

Како заклучок од тематската седница на Владата на РСМ посветена на младински прашања и политики се креираше „Работна група за средношколско демократско организирање“ , каде што член на МОФ е Мартин Лазаревски. Работната група има членови од МОН и други организации, чија цел е да се направат законски измени кои ќе гарантираат учениците да имаат загарантирано ученичко претставничко тело во рамките на училиштето. Работната група до сега нема изработено посебен документ кој би го унапредил средношколското организирање.

**<u>Иницијатива:</u>** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Во препораките кои МОФ ги дава за измени и дополнување на Законот за средното образование предвидено е учениците да можат да се здружуваат во класни заедници, да дејствуваат преку ученички парламенти на средните училишта, како и можност за здружување на учениците на локално и национално ниво. Класната заедница ја сочинуваат учениците од еден клас, а со неа раководи претседател на класната заедница. Станува збор за основна форма на здружување на учениците во едно средно училиште, на ниво на клас. Претседателот на класната заедница, се избира на непосредни и тајни избори. Класните заедници потоа, на ниво на училиште се здружуваат во ученички парламент. Во работата на ученичкиот парламент активно учествуваат претседателите на класните заедници и за својата работа споделуваат со класот од кој потекнуваат и чии ставови ги застапуваат, додека пак секој ученик од средното училиште може да учествува во работата на ученичкиот парламент, но без право на глас.

Со работата на ученичкиот парламент раководи Претседател кој се избира преку тајно гласање на првата конститутивна седница на ученичкиот парламент од редот на претседателите на класните заедници од трета или четврта година. Ученичкиот парламент избира постојани и повремени комисии за остварување на своите цели и надлежности.

Здружение на граѓани „Младински образовен форум”
Ул. Дренак 34-а, 1000 Скопје, Северна Македонија
02 3 139 692, 02 3 114 412
info@mof.org.mk, www.mof.mk

Како постојани работни комисии и тела во препораките на МОФ предвидени се **Координативно тело на ученичкиот парламент**, кое ги подготува материјалите за седниците на парламентот и врши изработка на акти кои ги усвојува ученичкиот парламент и **Комисијата за доверба и соработка**, која ги решава споровите помеѓу учениците и наставниците по мирен пат и се грижи за унапредување на комуникацијата помеѓу учениците и наставниците. Во работата на ученичкиот парламент и во комисиите се предвидува и активно учество на наставниците со цел да се создаде систем на взаемна соработка и доверба помеѓу учениците и наставниците. Со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование се предлага и формирање на Унија на ученички парламенти, како највисок облик на организирање на учениците од средното образование во Република Македонија, која својата работа ја уредува со Статут, кој го носи Собранието на Унијата на ученичките парламенти.

Целата иницијатива се наоѓа во Анекс 1.

## Ученички и студентски стандард / младински стандард

Подобрувањето на ученичкиот и студентскиот стандард како една од областите на делување на МОФ беше предмет на работа во 2018 година. Во март истата година од страна на МОН беа формирани работни групи за ревидирање на Законот за ученички стандард и Законот за студентски стандард. МОФ за потребите на групите изработи препораки за подобрување и проширување на законот во повеќе области (исхрана, вработување на учениците, спортско – рекреативни активности, културно- уметнички активности, одмор, поволности и попусти за добра и услуги, воспитно работење со учениците и студентите во домовите). Во рамки на работната група за Закон на ученички стандард, МОФ достави целосен предлог за уредување на совет на станари во ученичките домови (област која не е опфатена во постоечкиот закон). Работната група за ученички стандард изработи низа измени и истите беа доставени до Министерката Дескоска и правната служба на МОН.

За подобрување на студентскиот стандард во март 2018 година беше формирана работна група за ревидирање на Законот за студентски стандард, во која имаше претставник на МОФ (Мартина Илиевска) и членови од  Министерството за образование и наука. Иако беше изработено решение за формирање на истата од страна на МОН, до средината на годината не се оствари ниту една средба.

**<u>Иницијатива:</u>** Креирање на Закон за младински стандард

Република Северна Македонија има два посебни закони кои ги регулираат студентскиот стандард[1] и ученичкиот стандард[2]. Двата закона оставаат голема правна празнина, бидејќи регулираат само по два аспекта од стандардот на ученикот и студентот, а тоа се домувањето (основањето, организацијата, функционирањето и управувањето на студентските и ученичките домови) и стипендирањето на учениците и студентите.

Стандардот во својата основа опфаќа повеќе сегменти од ученичкиот и студентскиот живот. Под стандард се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите и учениците.

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013; 30/2013; 120/2013 и 41/2014
[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015 и 30/16

Здружение на граѓани „Младински образовен форум”
Ул. Дренак 34-а, 1000 Скопје, Северна Македонија
02 3 139 692, 02 3 114 412
info@mof.org.mk, www.mof.mk

Може да се заклучи дека постојат многу проблеми со кои студентите и учениците се соочуваат, а тие имаат потенцијал да бидат опфатени преку надминување на недостатоците во законите за ученички и студентски стандард, што наложува нивна промена и дополнување во сферите кои ги опфаќаат.

Пред да се прават измени потребно е истражување на реалните потреби на учениците и студентите, но и истражување на релевантнат легислатива во Република Северна Македонија со цел креирање на сеопфатен закон.

Треба да се согледа потребата од два закони кои регулираат речиси исто поле, но и отстранување на сегрегацијата на останатите млади кои не продолжиле во образовниот систем по задолжителното средно образование. Со закон/и за ученички и студентски стандард не се уредува севкупно младинскиот стандард, што претставува поголема категорија на граѓани од оние кои се дел од образовниот процес. Со креирање на Закон за младински стандард, би се опфатиле сите млади со што би се работело со подигнување на стандардот на поголема категорија на граѓани.

## Ревизија на Националната стратегија за млади 2016 – 2025 година

Националната стратегија за млади 2016 – 2025 година беше донесена со низа пропусти во процесите на креирање и донесување. МОФ повеќе пати апелираше до јавноста и надлежните институции дека треба да се направи ревизија на текстот со цел да биде применлива и соодветна на потребите на младите. Во февруари 2018, Агенцијата за млади и спорт организираше средба за формирање на работни групи за ревизија на НСМ, а претставнички на МОФ беа Александра Филипова и Мартина Илиевска. По средбата од страна на МОФ беше изработена предлог-методологија за ревизија на стратегијата, како и листа на литература која би помогнала во процесот. Работните групи после првичната средба не се состанаа до средината на 2019 година.

**Иницијатива**: Ревизија на Националната стратегија за млади.

Предлог методологијата се наоѓа во Анекс 2

Генералната препорака на Младински образовен форум е во иднина сите работни групи кои ќе се формираат за оваа или други цели и потреби, пред своето започнување со активности да имаат конкретна временска рамка и мерливи индикатори преку кои ќе се следи успехот на нивното функционирање.